ФОНД ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА
ДЕПОЗИТИ

**QF-A-014**

# ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ДЕЛОВНАТА АКТИВНОСТ НА
# ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ
# ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2020 ДО 30.06.2020 ГОДИНА

**Скопје, август 2020 година**

Ул. „11 Октомври” бр.18
1000, Скопје
Република Северна Македонија

тел: 02 32 35 730
факс: 02 32 96 901
info@fodsk.org.mk
www.fodsk.org.mk

# Содржина

**РЕЗИМЕ** ........ ERROR! BOOKMARK NOT DEFINED.

**I. ДВИЖЕЊЕ НА ДЕПОЗИТИТЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2020 ДО 30.06.2020 ГОДИНА ........ 4**

**II. ИНВЕСТИЦИСКО ПОРТФОЛИО НА ФОНДОТ ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2020 ДО 30.06.2020 ГОДИНА ........ 8**

**III. ОБЕСШТЕТУВАЊЕ НА ШТЕДАЧИТЕ ВО ЧЛЕНКИ НА ФОНДОТ КАЈ КОИ СЕ СЛУЧИЛ РИЗИЧЕН НАСТАН (СТЕЧАЈ ИЛИ ЛИКВИДАЦИЈА) ........ 10**

**IV. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2020 ДО 30.06.2020 ГОДИНА ........ 12**

**V. РЕДОВНИ ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ НА ФОНДОТ ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2020 ДО 30.06.2020 ГОДИНА 15**

ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ ........ 15
КАДРОВСКА И ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА ........ 15
ДЕЛОВНИ ПРОЦЕСИ ВО ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ ........ 16
ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ........ 17
МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ........ 17
ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ НА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ ........ 17

**ПРИЛОЗИ ........ 19**

## РЕЗИМЕ

Во периодот од 01.01.2020 до 30.06.2020 година во Република Северна Македонија се забележани и измерени следните макроекономски показатели:

- Инфлацијата од 0,5% забележана во втор квартал на 2020 година.
- Според проценетите податоци на Државниот завод за статистика, стапката на раст на бруто-домашниот производ (БДП) за првото тримесечје од 2020 година е 0,2%.
- Во IQ, 2020 година стапката на невработеност е 16,2%.

Вкупниот износ на депозити на население на 30.06.2020 година изнесува 291.267 милиони денари или 4,7 милијарди евра или пораст од 2,61% од 31.12.2019 година. Наплатата на премиите во првата половина на 2020 година се одвиваше според редовните процедури, по законски утврдена стапка од 0,25% на годишно ниво и истата го следеше движењето на вкупните депозити на населението.

Инвестициско портфолио во првиот семестар на 2020 година бележи зголемување за 419,9 милиони денари, или за 2,4% во однос на состојбата од 31.12.2019 година односно 5,44% во однос на состојбата од 30.06.2019 година. Фондот учествуваше на 8 аукции на државни записи од Министерството за финансии.

Процесот на обесштетување на штедачи од банки и штедилници кај кои настанал ризичен настан во минатото (стечај или ликвидација) продолжи и во текот на 2020 година, а на 30.06.2020 година достигна висина од 90,2%. Фондот исто така спроведува активности за информирање на депонентите за можноста за обесштетување за оние кои сè уште не побарале остварување на правото за обесштетување.

Во април 2020 година, Фондот за осигурување на депозити склучи Меморандум за соработка заради одржување на финансиската стабилност со Народната банка на Република Северна Македонија, Министерството за финансии, Комисијата за хартии од вредност, Агенцијата за супервизија на осигурување и Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување со цел преку поголема меѓусебна координираност на регулаторите за навремена и ефикасна идентификација на системските ризици и навремено и усогласено преземање на активности за спречување и намалување на нивното влијание врз финансискиот систем.

На почетокот на годината, Управниот одбор на Фондот даде иницијатива да се започне со анализа на целокупното функционирање на системот за осигурување на депозити во Република Северна Македонија со цел одредување на соодветен правец по кој може да се раководи унапредувањето на системот, како и усогласувањето кон Директивата на ЕУ за гарантни шеми за осигурување на депозити (Directive 2014/49/EU).

Директор,
Борче Хаџиев



3

## I. ДВИЖЕЊЕ НА ДЕПОЗИТИТЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО БАНКАРСКИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2020 ДО 30.06.2020 ГОДИНА

На крајот на месец јуни 2020 година, вкупниот износ на депозити на населението во банкарскиот сектор во Република Северна Македонија изнесуваше 291.267 милиони денари (4,7 милијарди евра). Во првото полугодие на 2020 година, најголем раст од 0,8% е забележан во месец февруари, а најмал раст од 0,05% е забележан во март 2020 година. Специфично за периодот од март 2020 година до август 2020 година, кога се подготвува овој извештај, е светската здравствена криза која е предизвикана од заразната болест covid-19. Оваа болест предизвика светска пандемија и како резултат на тоа предизвика и ненадејно менување на економските трендови во негативна насока, во државата и во светски рамки. Важно е да се напомене дека и во услови на најголемата економска криза со која се соочува светот од Втората светска војна до сега, кај вкупните депозити на населението во Република Северна Македонија се забележува позитивна стапка на раст на месечно ниво заклучно со 30.06.2020 година.

Графикон 1. Месечни движења на депозитите на население во период
30.06.2019 - 30.06.2020 година

*(во илјади денари)*




Извор: Административни податоци на ФОД

Табеларниот и графички приказ на движењето на депозитите на населението во период 30.06.2019 – 30.06.2020 изразен во денари и евра е даден во Прилог 1 на овој извештај.

Графикон 2. Раст на депозити во % во прва половина на 2020 година




Извор: Административни податоци на ФОД

Во текот на последните 3 години, најмал раст има во 2019 година од 2,2%, а подеднаков во 2018 и 2020 година во износ од 2,6%.

Графикон 3. Полугодишна стапка на раст на депозити на население во последни три години (2018, 2019 и 2020 година)




Извор: Административни податоци на ФОД

Пораст се забележува и кај денарските и кај девизните депозити во првата половина на 2020 година. Најголемо учество (53,1%) на денарските депозити во вкупните депозити на населението во првата половина на 2020 година се забележува во месец јануари 2020 година. Истата констатација важи и за девизните депозити чие најголемо учество (47,6%) во вкупните депозити на населението е забележано во јануари 2020 година.

Графикон 4. Учество на денарски и девизни депозити во вкупни депозити на население за период 30.06.2019 - 30.06.2020 година




Извор: Административни податоци на ФОД

Од крајот на март 2020 година орочените депозити забележуваат постојано опаѓање, со најнизок износ во јуни 2020 година, додека пак депозитите по видување забележуваат постојан месечен раст во правата половина на 2020 година.

Графикон 5. Учество на депозити по видување и орочени депозити во вкупни депозити на население за период 30.06.2019 - 30.06.2020 година




Извор: Административни податоци на ФОД

Графикон 6. Квартални движења на учество на депозитите на населението до и над 30.000 евра во денарска противвредност во однос на вкупни депозити на население изразено во %
(IQ, 2019 - IIQ, 2020)




Извор: Административни податоци на ФОД

Депозитите до 30.000 евра имаат поголемо учество во вкупните депозити на население. Учеството на депозитите до 30.000 евра во вкупните депозити на населението забележува пораст до крајот на вториот квартал од 2020 година, а обратно учеството на депозитите на население над 30.000 евра во вкупните депозити на население забележува опаѓање во вториот квартал од 2020 година. (Графикон 6). Во Прилог 2 се содржани податоци за кварталните движења на депозитите на населението до и над 30.000 евра во денарска противвредност и приказ на бројот на депоненти.

Во првата половина на 2020 година, наплатата на премиите се одвиваше според редовните процедури, по законски утврдена стапка од 0,25% на годишно ниво и истата го следи движењето на вкупните депозити на населението (Графикон 7).

Графикон 7. Движење на износ на премии за период од 30.06.2019 - 30.06.2020 година

*(во илјади денари)*




Извор: Административни податоци на ФОД

Графикон 8. Движење на стапка на покриеност за период
30.06.2019 - 30.06.2020 година




Извор: Административни податоци на ФОД

Стапка на покриеност на депозитите, која претставува соодност помеѓу вкупните парични средства на Фондот во однос на вкупните депозити на население на крајот на првиот семестар на 2020 година изнесува 6,1%, што е 0,2 процентни поени помалку споредено со јуни 2019 година. Законскиот минимум на стапката на покриеност изнесува 4%, а Фондот за осигурување на депозити од Република Северна Македонија одржува една од највисоките стапки на покриеност во Европа.

## II. ИНВЕСТИЦИСКО ПОРТФОЛИО НА ФОНДОТ ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2020 ДО 30.06.2020 ГОДИНА

Инвестициското портфолио на Фондот во првиот семестар на 2020 година бележеше континуирано зголемување што соодветствуваше на зголемување на прибраните средства на Фондот по основ на премии од неговите членки и на приходите по основ на инвестираните средства во хартии од вредност. Фондот учествуваше на осум (8) аукции на државни записи од Министерството за финансии и притоа во согласност со инвестиционата политика на Фондот за осигурување на депозити вкупниот износ на инвестициското портфолио на Фондот не надмина 99,00% од збирот на состојбата на вкупните парични средства и состојбата на хартиите од вредност на Фондот на крајот на секој месец, а на 30.06.2020 година тој соодност изнесуваше 98,94%.

На 30.06.2020 година вкупната состојба на инвестициското портфолио изнесуваше 17.646,2 милиони денари според нивната номинална вредност односно 17.595,0 милиони денари сегашна вредност. Инвестициското портфолио во првиот семестар на 2020 година бележи зголемување за 419.890.000 денари што претставува зголемување за 2,44% во однос на состојбата од 31.12.2019 година односно зголемување за 5,44% во однос на состојбата од 30.06.2019 година.

Графикон 9. Движење на инвестициско портфолио 30.06.2019 – 30.06.2020 (номинална вредност)




Извор: Административни податоци на Фондот

Во однос на планираната состојба на пласманите во државни записи во периодот од 01.01.2020 до 30.06.2020 година, индексот изнесува 99,95%, што укажува на точност и правилно планирање на инвестиционата политика на Фондот за првиот семестар во 2020 година во однос на реализираното инвестирање во истиот период (Графикон 9).

Графикон 10. Планирано и реализирано инвестициско портфолио на Фондот во државни записи во период 01.06.2019 – 30.06.2020 (сегашна вредност)

(во илјада денари)




Извор: Административни податоци на Фондот

Во текот на изминатите шест месеци Фондот учествуваше на аукции за државни записи со рок на достасување од 364 дена. Дополнително, во овој период имаше и измена на каматните стапки односно во период јануари – април, 2020 година каматната стапка на записите со рок на доспевање од 364 денови изнесуваше 0,5% на годишно ниво по што истата се зголеми на 0,6% за периодот мај и јуни, 2020 година. Вкупниот приход на Фондот во овој полугодишен период по основ на камата од новите записи изнесува 13,5 милиони денари. Трошоците за провизија за банките посредници на аукциите изнесува 280.000,00 денари.

## III. ОБЕСШТЕТУВАЊЕ НА ШТЕДАЧИТЕ ВО ЧЛЕНКИ НА ФОНДОТ КАЈ КОИ СЕ СЛУЧИЛ РИЗИЧЕН НАСТАН (СТЕЧАЈ ИЛИ ЛИКВИДАЦИЈА)

Обесштетувањето на депоненти на членки на Фондот кај кои настанал ризичен настан (стечај или ликвидација) е една од трите основни деловни активности на Фондот. Во текот на првото полугодие на 2020 година немаше ризичен настан кај членките на Фондот, а Фондот продолжи со обесштетување на депоненти за ризични настани кои настанале во минатото.

Од формирањето на Фондот во јануари 1997 година до 30.06.2020 година, се случиле вкупно 11 ризични настани. Вкупната пресметана обврска за обесштетување од единаесетте поранешни членки на Фондот изнесува 1.522,8 милиони денари. Од 1997 година до 30.06.2020 година се обесштетени вкупно 20.078 депоненти во вкупен износ од 1.373,8 милиони денари што претставува 90,2% исплатени обврски од Фондот за обесштетување кон депонентите. Останатите 9,8% претставуваат обврска за обесштетување во вкупен износ од 149 милиони денари кон 101.873 депоненти кои од лични причини не го оствариле своето право на обесштетување од Фондот (Табела 2). Анализата на структурата на овие штедачи укажува дека над 50% од нив имаат поединечни депозити - предмет на обесштетување помеѓу 100 денари и 1.000 денари кои можеби поради неатрактивноста на износот и покрај бројните јавни повици за можноста да го остварат своето право на обесштетување сепак истото не го остваруваат.

Во првата половина на 2020 година вкупно се исплатени 2 (двајца) депоненти во вкупен износ од 703 денари, а истите биле депоненти на Македонска банка а.д. Скопје во ликвидација. Во Табела 3 е прикажана годишната исплата на депонентите по исплатен износ.

Воедно, Фондот за осигурување на депозити во првата половина од 2020 година, учествуваше на сите седници на Одборот на доверители во Експорт – Импорт Банка а.д. Скопје во стечај, во улога на доверител со приоритетно право на наплата.

Табела 1. Обесштетување на депоненти кај членките на Фондот кај кои се случил ризичен настан до 30.06.2020 година

*(во денари)*

| Ред.број | Име на банка/ штедилница | Вкупни депозити | Пресметано обесштетување | Исплатено обесштетување | % исплатено / пресметано |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Штедилница Уни-проком Скопје | 7.881.535 | 5.118.309 | 4.919.527 | 96,12% |
| 2 | Алмако банка а.д. Скопје | 2.850.307 | 1.784.964 | 381.205 | 21,36% |
| 3 | Митштедилница - Куманово | 6.790.124 | 6.769.326 | 6.767.552 | 99,97% |
| 4 | А.Д. Радобанк Скопје | 86.224.736 | 76.005.556 | 72.412.381 | 95,27% |
| 5 | Штедилница Киро Ќучук - Велес | 3.351.082 | 3.318.630 | 3.239.487 | 97,62% |
| 6 | Експорт импорт банка а.д. Скопје | 106.227.033 | 95.608.486 | 92.386.606 | 96,63% |
| 7 | Македонска банка а.д. - Скопје | 1.543.168.575 | 1.304.590.349 | 1.164.206.239 | 89,24% |
| 8 | Штедилница ""Фершпед"" Д.О.О. Скопје | 6.218 | 6.218 | 0 | 0,00% |
| 9 | Штедилница ИНКО д.о.о. Скопје | 11.927.740 | 11.771.613 | 11.630.312 | 98,80% |
| 10 | Штедилница Интерфалко д.о.о. - Скопје | 17.832.485 | 17.832.485 | 17.824.557 | 99,96% |
| 11 | Штедилница АМ Скопје | 0 | 0 | 0 | 0,00% |
| | **Вкупно** | **1.786.259.832** | **1.522.805.933** | **1.373.767.866** | **90,21%** |

Извор: Административни податоци на ФОД

## IV. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2020 ДО 30.06.2020 ГОДИНА

### Остварени финансиски резултати за период 01.01.2020 – 30.06.2020 година

Финансиски резултати Фондот за осигурување на депозити во првата половина од годината се во рамки на планираната динамика и нема отстапувања и остварени се како што следи:

Табела 2. Финансиски резултати на Фондот од 01.01.2020 до 30.06.2020 година

*во денари*

| Опис | |
|---|---:|
| Приходи | 54.551.849 |
| Расходи | 7.239.668 |
| Бруто добивка | 47.312.181 |
| Данок на добивка | 4.733.756 |
| Нето добивка | 42.578.425 |

Извор: Административни податоци на Фондот

Табела 3. Состојба на средствата и обврските на ФОД на 30.06.2020 година

*во денари*

| Опис | |
|---|---:|
| **Средства** | **17.812.229.251** |
| *Нематеријални средства* | 101.598 |
| *Материјални средства* | 20.317.739 |
| *Вложувања* | 17.595.233.760 |
| *Парични средства* | 188.759.489 |
| *Побарувања* | 7.816.665 |
| **Капитал, резерви и обврски** | **17.812.229.251** |
| *Капитал* | 10.299.958 |
| *Резерви на сигурност* | 17.759.138.952 |
| *Акумулирана добивка* | 42.578.425 |
| *Останати краткорочни обврски* | 211.916 |

Извор: Административни податоци на Фондот

## Биланс на состојба на ден 30.06.2020 година

*во илјади денари*

| Опис | Состојба 31.12.2019 | % | План 31.12.2020 | % | Состојба 30.06.2020 | % | Индекс 6/2 | Индекс 6/4 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **СРЕДСТВА** | **17.411.717** | **100,00** | **18.217.735** | **100,00** | **17.812.229** | **100,00** | **102,30** | **97,77** |
| *Нематеријални средства* | *212* | *0,00* | *124* | *0,00* | *102* | *0,00* | *48,11* | *82,26* |
| Софтвер и слични права | 212 | 0,00 | 124 | 0,00 | 102 | 0,00 | 48,11 | 82,26 |
| | | | | | | | | |
| *Материјални средства* | *20.920* | *0,12* | *20.186* | *0,11* | *20.318* | *0,11* | *97,12* | *100,65* |
| Недвижности | 20.262 | 0,12 | 19.453 | 0,11 | 19.858 | 0,11 | 98,01 | 102,08 |
| Опрема | 658 | 0,00 | 733 | 0,00 | 460 | 0,00 | 69,91 | 62,76 |
| | | | | | | | | |
| *Вложувања* | *17.167.925* | *98,60* | *18.003.521* | *98,82* | *17.595.234* | *98,78* | *102,49* | *97,73* |
| Дванаесетмесечни записи | 17.167.925 | 98,60 | 18.003.521 | 98,82 | 17.595.234 | 98,78 | 102,49 | 97,73 |
| | | | | | | | | |
| *Парични срества,побарувања,разграничувања* | *222.660* | *1,28* | *193.904* | *1,06* | *196.575* | *1,10* | *88,28* | *101,38* |
| Парични средства | 213.917 | 1,23 | 189.843 | 1,04 | 188.759 | 1,06 | 88,24 | 99,43 |
| 1.Парични средства во банки | 213.867 | 1,23 | 189.787 | 1,04 | 188.658 | 1,06 | 88,21 | 99,41 |
| 2.Бизнис картичка | 42 | 0,00 | 50 | 0,00 | 86 | 0,00 | 204,76 | 172,00 |
| 3.Благајна | 8 | 0,00 | 6 | 0,00 | 15 | 0,00 | 187,50 | 250,00 |
| Побарувања | 8.734 | 0,05 | 4.036 | 0,02 | 7.816 | 0,04 | 89,49 | 193,66 |
| 1.Побарувања по основ премии | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 2.Останати побарувања | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 3.Аконтации на данок на добивка | 8.734 | 0,05 | 4.036 | 0,02 | 7.816 | 0,04 | 89,49 | 193,66 |
| Разграничувања | 9 | 0,00 | 25 | 0,00 | 0 | 0,00 | | |
| 1.АВР | 9 | 0,00 | 25 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | | | | | | | | |
| **КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ** | **17.411.717** | **100,00** | **18.217.735** | **100,00** | **17.812.229** | **100,00** | **102,30** | **97,77** |
| *Капитал и резерви* | *17.411.620* | *100,00* | *18.217.615* | *100,00* | *17.812.017* | *100,00* | *102,30* | *97,77* |
| Уплатен капитал | 10.300 | 0,06 | 10.300 | 0,06 | 10.300 | 0,06 | 100,00 | 100,00 |
| Фонд за сигурност | 17.283.727 | 99,26 | 18.129.829 | 99,52 | 17.759.139 | 99,70 | 102,75 | 97,96 |
| Добивка за годината | 117.593 | 0,68 | 77.486 | 0,43 | 42.578 | 0,24 | 36,21 | 54,95 |
| | | | | | | | | |
| *Тековни обврски* | *97* | *0,00* | *120* | *0,00* | *212* | *0,00* | *218,56* | *176,67* |
| Обврски за штети | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Останати обврски | 97 | 0,00 | 120 | 0,00 | 212 | 0,00 | 218,56 | 176,67 |
| 1.Останати краткорочни обврски | 97 | 0,00 | 120 | 0,00 | 212 | 0,00 | 218,56 | 176,67 |
| 2.ПВР | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |

# Биланс на успех за период од 01.01.2020 до 30.06.2020 година

*во илјади денари*

| Опис | 01.01-31.12.2019 | % | План 31.12.2020 | % | 01.01-30.06.2020 | % | Индекс 6/2 | Индекс 6/4 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 6 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **ПРИХОДИ** | **145.293** | **100,00** | **102.396** | **100,00** | **54.552** | **100,00** | **37,55** | **53,28** |
| 1.Државни записи - шестмесечни | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 2.Државни записи - дванаесет месечни | 145.271 | 99,98 | 102.396 | 100,00 | 54.533 | 99,97 | 37,54 | 53,26 |
| 3.Депозити по видување-НБРМ | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 4.Депозити по видување-деловни банки | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 5.Казнена камата по основ премии | 22 | 0,02 | 0 | 0,00 | 6 | 0,01 | 27,27 | 0,00 |
| 6.Камата од банки исплатувач | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| 7.Позитивни курсни разлики | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 13 | 0,02 | 0,00 | 0,00 |
| 8.Вонредни приходи | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | | | | | | | | |
| **РАСХОДИ** | **14.588** | **100,00** | **16.263** | **100,00** | **7.240** | **100,00** | **49,63** | **44,52** |
| 1.Трошоци за услуги | 1.571 | 10,77 | 1.793 | 11,03 | 402 | 5,55 | 25,59 | 22,42 |
| 2.Амортизација и обезвреднување | 1.595 | 10,93 | 1.348 | 8,29 | 713 | 9,85 | 44,70 | 52,89 |
| 3.Материјални трошоци | 569 | 3,90 | 737 | 4,53 | 286 | 3,95 | 50,26 | 38,81 |
| 4.Останати трошоци од работа | 1.634 | 11,20 | 1.750 | 10,76 | 789 | 10,90 | 48,29 | 45,09 |
| 5.Трошоци за вработените | 9.219 | 63,20 | 10.635 | 65,39 | 5.050 | 69,75 | 54,78 | 47,48 |
| 6.Негативни курсни разлики | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| | | | | | | | | |
| **Бруто добивка** | **130.705** | | **86.133** | | **47.312** | | **36,20** | **54,93** |
| **Данок на добивка** | **13.112** | | **8.647** | | **4.734** | | **36,10** | **54,75** |
| **Нето добивка** | **117.593** | | **77.486** | | **42.578** | | **36,21** | **54,95** |

## V. РЕДОВНИ ДЕЛОВНИ АКТИВНОСТИ НА ФОНДОТ ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2020 ДО 30.06.2020 ГОДИНА

### ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ

Органите за управување на Фондот ги сочинуваат Управниот одбор и директорот.

Составот на Управниот одбор е сочинет од 5 члена именувани од Владата на Република Северна Македонија.

Членови на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити се:

- Сузана Пенева – член на УО по предлог на Министерство за финансии, Претседател на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити;
- Магдалена Симоновска - член на УО по предлог на Министерство за финансии;
- Ленче Тагасовска - член на УО по предлог на Министерство за финансии.
- Нора Манова – Трајковска - член на УО по предлог на Народна Банка на Република Северна Македонија
- Милена Перчинкова - член на УО по предлог на Македонската банкарска асоцијација.

### КАДРОВСКА И ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Во првата половина на 2020 година во Фондот работат вкупно 11 лица. Органограмот на работните места во 2020 година во Фондот за осигурување на депозити е прикажан на слика бр. 1

Слика 1. Органограм на работни места во Фондот за осигурување на депозити за 2020 година



## ДЕЛОВНИ ПРОЦЕСИ ВО ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ






**ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА**

Во првата половина на 2020 година се одржаа 2 седници на Управниот одбор на Фондот за осигурување на депозити, и тоа од 19-та седница заклучно со 20-та седница.

- Позначајни одлуки кои беа донесени во првата половина на 2020 година се:
- Одлука за усвојување на Извештајот за извршениот попис на имотот и обврските на Фондот за осигурување на депозити со состојба на 31.12.2019 година;
- Одлука за расходување (отпис) на основните средства на Фондот за осигурување на депозити
- Одлука за усвојување на Годишната сметка на Фондот за осигурување на депозити за 2018 година;
- Одлука за усвојување на Годишниот извештај за деловна активност на Фондот за осигурување на депозити 2019 година;
- Одлука за усвојување на Финансиските извештаи на Фондот за осигурување на депозити за 2019 година;
- Одлука за распоредување на нето добивката на Фондот за осигурување на депозити за 2019 година.

**МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**

Во услови на светска здравствена криза беа откажани сите меѓународни настани кои беа планирани да се одржат во 2020 година. Сепак, дигиталната технологија овозможи електронски состаноци на меѓународно ниво, со што се оствари редовната соработка на Фондот со Европскиот Форум на осигурители на депозити. На еден од електронските состаноци на Комитетот за односи со јавност при Европскиот форум на осигурители на депозити, Фондот имаше чест да ги презентира резултатите од активностите спроведени за подигнување на квалитетот на односите со јавност во текот на 2019 година, како и да ги презентира резултатите од првото истражување на јавното мислење во врска со Фондот во Република Северна Македонија.

**ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ НА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ**

Во Фондот, во првата половина на 2020 година, се спроведоа дел од редовните јавни набавки (ресертификација на ФОД со ISO 9001-2015, набавка на авиобилети, електрична енергија, одржување на електронскиот систем (софтвер) на ФОД, набавка на средства за хигиена и други потребни производи).

До крајот на 2020 година, Фондот ќе продолжи со остварување на своите планирани активности и своите задачи кои произлегуваат од Законот за Фондот за осигурување на депозити.

На 12 август 2020 година Народната банка на Република Северна Македонија ја одзема дозволата за основање и работа на Еуростандард банка ад Скопје. Фондот за осигурување на депозити започна со исплата на обесштетувањето на депонентите од оваа банка согласно законската регулатива. За сите активности спроведени во врска со овој ризичен настан Фондот ќе информира во Годишниот извештај за деловната активност за 2020 година кој се подготвува врз основа на Законот за Фондот за осигурување на депозити.

Директор на Фондот

**Борче Хаџиев**

Наш број 02 – 320/1

Скопје, 14.10.2020 година

## ПРИЛОЗИ

**Прилог 1. Преглед на динамиката на состојбата на депозитите на физичките лица кај банките и штедилниците - членки на Фондот во периодот 30.06.2019 - 30.06.2020 година**

| Датум | 30.06.19 | 31.07.19 | 31.08.19 | 30.09.19 | 31.10.19 | 30.11.19 | 31.12.19 | 31.01.20 | 29.02.20 | 31.03.20 | 30.04.20 | 31.05.20 | 30.06.20 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Состојба (000 денари) | 269.532.425 | 271.257.722 | 272.371.897 | 273.859.844 | 274.435.307 | 275.876.042 | 283.786.050 | 283.911.635 | 286.376.205 | 286.532.439 | 288.045.821 | 288.879.724 | 291.266.794 |
| Курс на крајот од периодот | 61,5700 | 61,4950 | 61,4873 | 61,4950 | 61,5163 | 61,5528 | 61,4856 | 61,6780 | 61,6926 | 61,6950 | 61,6949 | 61,6953 | 61,6950 |
| Состојба курс на крај од период (000 EUR) | 4.377.658 | 4.411.053 | 4.429.726 | 4.453.368 | 4.461.180 | 4.481.941 | 4.615.488 | 4.603.126 | 4.641.986 | 4.644.338 | 4.668.876 | 4.682.362 | 4.721.076 |
| Раст м/м (ден) | 0 | 1.725.297 | 1.114.175 | 1.487.947 | 575.463 | 1.440.735 | 7.910.008 | 125.585 | 2.464.570 | 156.234 | 1.513.382 | 833.903 | 2.387.070 |
| Раст м/м (ЕУР) | 0 | 33.395 | 18.673 | 23.642 | 7.812 | 20.761 | 133.547 | -12.362 | 38.860 | 2.352 | 24.538 | 13.486 | 38.714 |
| Курсни разлики (EUR) | 0 | 5.374 | 555 | -558 | -1.546 | -2.659 | 5.039 | -14.404 | -1.098 | -180 | 8 | -31 | 23 |
| Раст % м/м (ден) | 100,00 | 0,64 | 0,41 | 0,55 | 0,21 | 0,52 | 2,87 | 0,04 | 0,87 | 0,05 | 0,53 | 0,29 | 0,83 |
| Раст % м/м (ЕУР) | 100,00 | 0,76 | 0,42 | 0,53 | 0,18 | 0,47 | 2,98 | -0,27 | 0,84 | 0,05 | 0,53 | 0,29 | 0,83 |
| Раст M/Y(ден) | 0 | 1.725.297 | 2.839.472 | 4.327.419 | 4.902.882 | 6.343.617 | 14.253.625 | 14.379.210 | 16.843.780 | 17.000.014 | 18.513.396 | 19.347.299 | 21.734.369 |
| Раст M/Y(EUR) | 0 | 33.395 | 52.068 | 75.710 | 83.522 | 104.283 | 237.830 | 225.468 | 264.328 | 266.680 | 291.218 | 304.704 | 343.418 |
| Раст % M/Y(ден.) | 100,00 | 0,64 | 1,05 | 1,61 | 1,82 | 2,35 | 5,29 | 5,33 | 6,25 | 6,31 | 6,87 | 7,18 | 8,06 |
| Раст % M/Y (ЕУР) | 100,00 | 0,76 | 1,19 | 1,73 | 1,91 | 2,38 | 5,43 | 5,15 | 6,04 | 6,09 | 6,65 | 6,96 | 7,84 |

Извор: Административни податоци на ФОД

## Прилог 2. Табеларни податоци на квартални движења на депозитите на населението според законски определеното ниво на обесштетување на осигурените депозити

Табела: Преглед на квартални движења на депозитите на населението според законски определеното ниво на обесштетување на осигурените депозити до и над 30.000 евра во денарска противвредност и приказ на бројот на депоненти кај банките и штедилниците – членки на Фондот во период од прв квартал 2019 година заклучно со втор квартал 2020 година

| | Опис | 1 / 2019 | 2 / 2019 | 3 / 2019 | 4 / 2019 | 1 / 2020 | 2 / 2020 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Депозити на население во банки | До 30.000 евра во денарска против вредност | 140.612.389.431 | 143.186.156.223 | 144.094.340.561 | 151.634.035.874 | 151.925.746.718 | 156.197.354.882 |
| | Над 30.000 евра во денарска против вредност | 123.350.561.685 | 125.163.923.539 | 128.601.866.491 | 130.929.621.802 | 133.460.705.244 | 133.950.665.792 |
| | Вкупно | 263.962.951.116 | 268.350.079.762 | 272.696.207.052 | 282.563.657.676 | 285.386.451.962 | 290.148.020.675 |
| | До 30.000 евра за обештетување | 48.112.010.496 | 49.077.447.000 | 50.593.166.400 | 51.740.132.400 | 52.345.739.700 | 52.723.313.100 |
| Број на поединечни штедачи во банки | До 30.000 евра во денарска против вредност | 2.961.849 | 2.913.506 | 2.744.985 | 2.733.288 | 2.701.431 | 2.769.058 |
| | Над 30.000 евра во денарска против вредност | 26.048 | 26.570 | 27.424 | 28.050 | 28.282 | 28.486 |
| | Вкупно | 2.987.897 | 2.940.076 | 2.772.409 | 2.761.338 | 2.729.713 | 2.797.544 |
| | **Вкупно осигурани депозити** | **188.724.399.927** | **192.263.603.223** | **194.687.506.961** | **203.374.168.274** | **204.271.486.418** | **208.920.667.982** |
| Депозити на население во штедилници | До 30.000 евра во денарска против вредност | 736.354.246 | 743.843.706 | 741.957.426 | 733.462.327 | 771.362.889 | 750.486.228 |
| | Над 30.000 евра во денарска против вредност | 246.913.468 | 254.978.869 | 271.166.939 | 255.546.473 | 234.074.970 | 240.472.899 |
| | Вкупно | 983.267.714 | 998.822.575 | 1.013.124.365 | 989.008.800 | 1.005.437.859 | 990.959.127 |
| | До 30.000 евра за обештетување | 153.305.316 | 160.697.700 | 175.260.750 | 182.612.232 | 159.173.100 | 161.023.950 |
| Број на поединечни штедачи во штедилници | До 30.000 евра во денарска против вредност | 31.512 | 31.668 | 31.812 | 31.954 | 32.037 | 32.035 |
| | Над 30.000 евра во денарска против вредност | 83 | 87 | 95 | 99 | 86 | 87 |
| | Вкупно | 31.595 | 31.755 | 31.907 | 32.053 | 32.123 | 32.122 |
| | **Вкупно осигурани депозити** | **889.659.562** | **904.541.406** | **917.218.176** | **916.074.559** | **930.535.989** | **911.510.178** |
| Вкупно депозити на население во банки и штедилници | До 30.000 евра во денарска против вредност | 141.348.743.677 | 143.929.999.929 | 144.836.297.987 | 152.367.498.201 | 152.697.109.607 | 156.947.841.110 |
| | Над 30.000 евра во денарска против вредност | 123.597.475.153 | 125.418.902.408 | 128.873.033.430 | 131.185.168.275 | 133.694.780.214 | 134.191.138.691 |
| | Вкупно | 264.946.218.830 | 269.348.902.337 | 273.709.331.417 | 283.552.666.476 | 286.391.889.821 | 291.138.979.802 |
| | До 30.000 евра за обештетување | 48.265.315.812 | 49.238.144.700 | 50.768.427.150 | 51.922.744.632 | 52.504.912.800 | 52.884.337.050 |
| Број на поединечни штедачи во банки и штедилници | До 30.000 евра во денарска против вредност | 2.993.361 | 2.945.174 | 2.776.797 | 2.765.242 | 2.733.468 | 2.801.093 |
| | Над 30.000 евра во денарска против вредност | 26.131 | 26.657 | 27.519 | 28.149 | 28.368 | 28.573 |
| | Вкупно | 3.019.492 | 2.971.831 | 2.804.316 | 2.793.391 | 2.761.836 | 2.829.666 |
| | **Вкупно осигурани депозити** | **189.614.059.489** | **193.168.144.629** | **195.604.725.137** | **204.290.242.833** | **205.202.022.407** | **209.832.178.160** |
| Вкупно депозити на население кај членките на Фондот | (извор - членки на Фондот) | 264.946.218.830 | 269.348.902.337 | 273.709.331.417 | 283.552.666.476 | 286.391.889.821 | 291.138.979.802 |
| | (извор - НБРМ) | 265.103.857.000 | 269.532.425.000 | 273.859.844.000 | 283.786.050.000 | 286.532.439.000 | 291.266.794.000 |
| | разлика | -157.638.170 | -183.522.663 | -150.512.583 | -233.383.524 | -140.549.179 | -127.814.198 |
| Вкупни средства на фондот | | 16.789.559.177 | 16.989.244.259 | 17.187.439.133 | 17.381.842.151 | 17.581.992.435 | 17.783.809.499 |